РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Бр. 12 - 3465/2
02.03. 2015 год
СКОПЈЕ

Во согласност со член 24-6 став 6 од Законот за средно образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14 и 10/15), министерот за образование и наука, донесе

# ПРАВИЛНИК
## за начинот на избор за најдобар ученик во струката од завршните години на образованието во стручното образование

### Општи одредби

**Член 1**

Со овој правилник се уредува начинот на избор за најдобар ученик во струката од завршните години на образованието во стручното образование.

**Член 2**

Министерството за образование и наука (во натамошниот текст: Министерството) во соработка со Центарот за стручно образование и обука (во натамошниот текст: Центарот) врши избор за најдобар ученик во струката од завршните години на стручното образование преку организирање натпревар.

**Член 3**

Изборот на најдобар ученик во струката се врши преку планирање, организирање и реализирање на натпревари на ниво на образовен профил.

**Член 4**

Организацијата и реализацијата на натпреварите за избор на најдобар ученик се одвива во три фази:

- на ниво на паралелка – прва фаза,
- на ниво на училиште – втора фаза и
- на државно ниво – трета фаза.

**Член 5**

Натпреварите во средните стручни училишта се организираат за учениците од завршните години на образованието и се спроведуваат секоја учебна година во месеците октомври, ноември и декември.

**Член 6**

Изборот на најдобар ученик во струката се организира преку реализирање активности со кои се покажуваат, докажуваат, вреднуваат и рангираат знаењата, умеењата, вештините, способностите и вредностите (компетенциите) на учениците по стручните предмети и практичната настава во рамките на струката/одделен образовен профил од техничкото образование (со четиригодишно траење на образованието) и стручното образование за занимање (тригодишно траење на образованието).

**Учество во натпревари**

**Член 7**

На натпревар за избор на најдобар ученик во струката може да учествуваат сите редовни ученици од завршните години на образованието, односно учениците од четврта година во техничкото образование и учениците од трета година во стручното образование за занимање, кои доброволно ќе се пријават на повик објавен од страна на училиштето во текот на месец септември.

**Член 8**

На натпреварите за избор на најдобар ученик во струката можат да учествуваат учениците од образовните профили кои се застапени во две и повеќе училишта во Република Македонија.

**Член 9**

Активностите за избор на најдобар ученик за образовен профил се реализираат, доколку на државно ниво има пријавено најмалку три учесници од истиот образовен профил.

**Член 10**

Изборот на ученици за учество на натпревари во третата фаза се врши врз основа на постигнатите резултати од претходните фази на натпревари.

На државно ниво може да учествуваат најдобрите ученици од училишните натпревари.

**Член 11**

Натпреварот се реализира на јазикот на кој ученикот ја следи наставата.

**Член 12**

За најдобар ученик во струката се избира ученикот кој освоил најголем број бодови од сите ученици, во рамките на струката.

Доколку повеќе ученици постигнат ист број бодови, за најдобар ученик во струката се прогласува ученикот кој го завршил теоретскиот и практичниот дел за пократок временски период.

**Организација, реализација и начин на избор**

**Член 13**

Организацијата и реализацијата на натпреварите за најдобар ученик за првата и втората фаза е во надлежност на училиштата.

**Член 14**

Министерството, по предлог на Центарот, определува училиште-домаќин каде ќе се организира и реализира државниот натпревар (трета фаза).

**Член 15**

Динамиката на натпреварите, организацијата на просторот за непречено одвивање на натпреварите и работата на комисиите и на работните групи се одредува од страна на Центарот.

**Член 16**

Директорот на училиштето-домаќин именува Организациска комисија која има задача да ги утврди потребните материјално-технички и просторни услови за организација и спроведување на третата фаза на натпреварот.

**Член17**

Материјално-техничките услови за реализација на натпреварот ги обезбедува училиштето-домаќин во соработка со училиштата чии ученици се учесници на натпреварот.

**Член 18**

Претседател и членови на Организациската Комисија за третата фаза на натпреварите се:

- директорот на училиштето-домаќин, претседател на Организациската Комисија,
- наставник по стручно-теоретски предмети од училиштето-домаќин, член

- наставник по практична настава од училиштето-домаќин. член и
- наставник по информатика од училиштето-домаќин-член.

**Член 19**

Организациската Комисија определува работни групи за прегледување на тестот, односно работни групи за прибирање на податоците од компјутерската обработка (ако тестирањето се одвива по електронски пат) и работни групи за прегледување на практичните задачи/вежби.

Работните групи по прегледување на тестовите и практичните задачи/вежби на учениците, изготвуваат ранг-листи по шифра и освоени бодови и ги доставуваат до Централната комисија.

**Член 20**

Критериумите за бодирање во прва и втора фаза на натпреварите ги одредува училиштето-учесник.

Критериумите за бодирање во трета фаза се:

-најголем број на освоени бодови од теоретскиот и од практичниот дел е 80 бода,

-најголем број на освоени бодови од теоретскиот дел е 30 бода и

-најголем број на освоени бодови од практичниот дел е 50 бода.

Критериумите за бодирање на практичниот дел за соодветниот профил ги подготвува стручниот актив од училиштето-домаќин, а ги верификува соодветниот советник по струка од Центарот.

**Член 21**

За натпреварите за избор на најдобар ученик во третата фаза, советниците по струка од Центарот:

- подготвуваат тестови со клуч на одговори и
- ги одобруваат практичните задачи/вежби, на предлог на училиштето-домаќин.

**Член 22**

Централната комисија за реализација на третата фаза на натпреварите ја формира министерот за образование и наука и истата ја сочунуваат:

- директорот на училиштето-домаќин, претседател
- претставник од Министерството, член
- советник за соодветната струка од Центарот, член
- претставник од соодветната комора, член и
- претставник од соодветен факултет, член.

### Член 23

Централната комисија има обврска да ги доставува тестовите (доколку тестирањето не е по електронски пат) и практичните задачи/вежби до учениците и го означи почетокот на натпреварот.

Задачата/вежбата за практична работа се избира на денот на натпреварувањето од страна на Централната комисија.

### Член 24

Времетраењето на натпреварот во третата фаза е 150 минути, од кои 60 минути се за тест и 90 минути се за работна/практична вежба/задача.

### Член 25

За време на натпреварот, ученикот смее да ја напушти просторијата само еднаш, но не подолго од пет минути, со одобрување. Во спротивно, неговото учество се смета за завршено.

### Член 26

Централната комисија ги дешифрира, ги обработува и ги истакнува резултатите од практичниот и теоретскиот дел на огласната табла во училиштето.

### Член 27

Рангирањето на постигањата на ученикот се врши врз основа на постигнатиот број бодови.

### Член 28

Резултатите по образовен профил се јавни и се објавуваат истиот ден кога завршуваат сите активности, во просториите каде што се одржуваат.

По истакнувањето на резултатите, учесниците имаат право на приговор до Централната комисија, во рок од 60 минути од истакнувањето на резултатите.

Централната комисија решава по приговорите и ги објавува конечните резултати од изборот во рок од 30 минути од поднесувањето на приговорот/приговорите и подготвува записник.

### Член 29

Центарот доставува извештај до Министерството за резултатите од натпреварот од третата фаза за сите струки на државно ниво со предлог за најдобар ученик за струката, според добиените резултати од одржаните натпревари.

Член 30

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на неговото донесување.

Министер за образование и наука,
Abdilaqim Ademi

Бр.______________
____________2015 година